

# Baumit ProContact

## Системски лепак за лепење и армирање




- **Сертифициран европски квалитет**
- **Голема флексибилност и трајност**
- **Професионална примена**

**Производ**

Паропропусен, еластичен, минерален прашкаст лепак на база на сив цемент, за лепење и армирање на термоизолациони плочи, за израмнување на бетон, рачно или машински . Производот е испитан во склад со европскиот стандард во систем според ETAG 004 - Насоки за европски технички одобренија .
Компонента на термозиолационите системи:

- Baumit Про Систем EPS
- Baumit Про Систем Минерал

**Состав**

Цемент, полимери, песок и адитиви

**Својства**

Силно паропропусен, со одлична адхезија за подлогата, флексибилен и отпорен на временските услови, одлична обработливост, водоотпорен, добра апликација (рачна и машинска)

**Аплицирање**

Фасаден лепак за надворешна и внатрешна примена. За лепење на термоизолациони плочи од стиропор EPS, од стиродур XPS, како и за камена волна . Служи и како слој за армирање со текстилно-стаклена мрежичка StarTex. Може да се користи и за израмнување на бетонски површини, површини од декоративен малтер и минерален малтер . Компонента на КСИНТИ системот Baumit Про.

**Технички податоци**

| | |
|---|---|
| боја: | Сива |
| норма: | ETAG 004 |
| номинална дебелина: | 3 mm |
| номинална дебелина: | 5 mm |
| μ-вредност: | прибл. 18 |
| сува специфична густина: | прибл. 1400 kg/m³ |

| | ProContact 25kg |
|---|---|
| дебелина на зрно | макс. 0.8 mm |
| потрошувачка | прибл. 4 - 5 kg/m² за лепење |
| потрошувачка | прибл. 4 - 5 kg/m² за армирање EPS |
| потрошувачка | прибл. 7 - 8 kg/m² за армирање на камена волна |
| потреба од вода | прибл. 5 - 6 l/25 kg |

**Облик на испорака**

Вреќа 25 kg, 1 палета = 48 вреќи = 1200 kg

**Складирање**

12 месеци на дрвени палети

**Гаранција за квалитет**

Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции**

Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.

**Подлога**

Испитувањето на подлогата да се спроведе во склад со нормата ÖNORM B 3346. Подлогата мора да биде чиста, сува, незамрзната, обезспрашена, не смее да виде водоодбивна, без исцветување, носечка и без нестабилни делови.


Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

| | |
|---|---|
| **Подготовка на подлогата** | Подлогата мора да биде сува, без мраз, без прашина, минерална, носечка, мора да биде доволно рапава и впивлива. Припремата на подлогата мора да биде во склад со важечките правила на струката . Испитувањето на подлогата и рамнината на зидот да се изведе во склад со нормите ÖNORM B 2259 и DIN 18202. |

**Обработка**

**Мешање**:
Baumit ProContact истурете го во чиста вода (околу 5-6 l вода по вреќа), мешајте со спороротирачка мешалка или во континуирана мешалка со рамномерно доавање на вода ; оставете да остои околу 5 минути, па уште еднаш промешајте. Времето на обработка е околу 1,5 час . Конзистенцијата на веќе стврднатиот материјал неможе да се дотера со додавање на вода . Додавање на убрзувачи или адитиви против мрзнење не е дозволено.

**Лепење**:
Подлогата мора да биде рамна (± 10mm / m кога се лепи само со лепак и ± 20mm / m во случај кога топлотната изолација се лепи со лепак и прицврстува со типли ). Во случај на поголеми нерамнини, се препорачува малтерисување на подлогата со посебен слој на малтер кој ќе ја израмни подлогата и после сушење на малтерот може да се почне со лепењето на термоизолационите плочи . Нанесете Baumit ProContact по методата рабно-точкасто. Количината на лепак треба да биде таква да формира спој кој покрива околу 40% од контактната површина. Рабната трака треба да биде приближно 5 cm широка и 3-5 топки треба да се нанесат во средина на плочата, приближно со големина на дланка (околу15cm).  Немојте да нанесувате лепак на страничната ивица на изолационите плочи бидејќи така се формираат термо мостови . Можно е и лепење на целата површина: На рамни површини, лепакот може да се нанесе континуирано со глетарица со големина на заб од 10 mm, директно на термоизолационата плоча, доколку е подлогата рамна и отстапувањето во равноста на  подлогата не е поголемо од макс. 5 mm.

**Поставување типли**:
Типлувањето може да се изведе веќе 24 часа од лепењето на изолационите плочи, број на типли мин. 6 ком/m2, по шемата на типлење која ја препорачува производителот . Препорачана шема на типлење за стиропор EPS е Т-шема, а за камена волна W-шема. Типлата да се избере според типот на подлогата. После типлењето главата на типлите мора да се покријат со тенок слој на лепак.

**Армирање на површините на термоизолационите плочи од стиропор EPS**:
Доколку е потребно изолационите плочи мораат да се избрусат пред нанесување на лепакот. Поставете ги сите потребни лајсни и профили. После тоа се нанесува Baumit ProContact со нерѓосувачка глетарка (заб 10 mm). Во свежиот лепак положете ја тескстилно-стаклената мрежичка Baumit StarTex во непрекинати траки и без набори и со преклоп широк најмалку 10 cm. Текстилно-стаклената мрежичка мора да биде покриена со Baumit ProContact лепакот минимално 1 mm ( на зоните на преклоп најмалку 0,5 mm; најмногу 3 mm). Положената арматурна мрежичка се покрива со лепакот по постапката „свежо на свежо“. Дебелината на арматурниот слој треба да биде минимално 3 mm, максимално 5 mm во еден слој. На аглите кај прозорите и вратите, пред комплетното армирање треба да биде изведена дијагонална арматура со Baumit мрежичката ос стаклени влакна со димензии околу 20x40 cm. Треба да се избегнува претерано мазнење. Настанатите нерамнини во лепакот после сушењето мораат да се израмнат. Покрај наведените норми треба да се почитуваат важечките насоки од Baumit упатствата за изведба на фасадни системи за топлотна изолација!
После нанесување на слојот за армирање, забрането е нанесување на додатен слој за рамнење без мрежичка. Во случај да треба да се поправи рамнината наповршината, нанесете нов слој на лепај кој што е појачан со мрежичка Baumit StarTex како што е наведено погоре.
Ако нанесувањето на слојот за армирање не е направено во рок од две недели после лепењето на EPS плочите, потребно е повторно брусење на плочите пред нанесување на слојот за армирање.

**Армирање површини на термоизолациони плочи од каменеа волна:**
На плочите од камена волна, залепени и истиплани, за да се обезбеди константна дебелина на слојот за армирање, потребно е прво да се нанесе слој за израмнување со дебелина од околу 2mm. После сушење од 1-2 дена, нанесете го слојот за армирање. Поставете ги сите потребни лајсни и профили. После тоа се нанесува Baumit ProContact со нерѓосувачка глетарка (заб 10 mm). Во свежиот лепак положете ја тескстилно-стаклената мрежичка Baumit StarTex во непрекинати траки и без набори и со преклоп широк најмалку 10 cm. Текстилно-стаклената мрежичка мора да биде покриена со Baumit ProContact лепакот минимално 1 mm ( на зоните на преклоп најмалку 0,5 mm; најмногу 3 mm). Положената арматурна мрежичка се покрива со лепакот по постапката „свежо на свежо“. Забрането е поставување на мрежичката директно на изолационата плоча и потоа да се прекри со лепак. Мрежичката треба да биде лоцирана во средина или горната третина од слојот за армирање, во зависност од тоа дали е нанесен минимален или максимален слој на лепак Дебелината на арматурниот слој треба да биде минимално 3 mm, максимално 5 mm во еден слој. На аглите кај прозорите и вратите, пред комплетното армирање треба да биде изведена дијагонална арматура со Baumit мрежичката ос стаклени влакна со димензии околу 20x40 cm. Треба да се избегнува претерано мазнење. Настанатите нерамнини во лепакот после сушењето мораат да се израмнат. Покрај наведените норми треба да се почитуваат важечките насоки од Baumit упатствата за изведба на фасадни системи за топлотна изолација!
После нанесување на слојот за армирање, забрането е нанесување на додатен слој за рамнење без мрежичка. Во случај да треба да се поправи рамнината наповршината, нанесете нов слој на лепај кој што е појачан со мрежичка Baumit StarTex како што е наведено погоре.

**Како маса за армирање и израмнување на фасадни декоративни слоеви, минерални подложни малтери и бетон**:
Подлогата се чисти и обеспрашува. Материјалот на подложни малтери се нанесува со нерѓосувачка глетарка во слој со дебелина најмалку 3 mm и се мазни. Се препорачува армирање со Baumit арматурната мрежичка од текстилно-стаклени влакна Baumit StarTex.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

**Напомени и општи информации**

Температурата на воздухот, материјалот и подлогата во текот на обработката и процесот на врзување треба да биде најмалку 5ºC и максимум 30ºC. Фасадите мораат да бидат заштитени од директно делување на сончевата светлина, дожд и ветар, со заштитна мрежа за фасада . Високата влажност и ниските температури можат да доведат до продолжено време на сушење .
Многу е важно да пред нанесувањето на декоративниот фасаден малтер, лепакот да биде потполно сув, време на сушење мин. 3-5 дена [1) ] како би се постигнало рамномерно сушење, односно како на фасадата не би имало мокри - темни флеки . Се препорачува во зависност од дебелината на лепакот времето на сушење да биде мин. 1 ден/1 mm 1) дебелина. За подготовка на материјалот може да се употребува само чиста вода (вода од водовод ).
[1)] При температурни услови + 20 ° C и релативна влажност во воздухот <70%. Неповолните временски услови можат значително да го променат времето на сушење .
Фасадниот термоизолационен ситем Baumit Про, со плочи од стиропор EPS или камена волна, е проектиран и изведен како КСиНТИ систем - во склад со ETAG 004.
Ве молиме да го земете во предвид квалитетот на изведбата, во кои детално е опишана правилната изведба, кои се наведени во ,,Baumit фасадни системи-Насоки за изведба,, кои се на сила во врска со ваквиот вид на изведувачки работи.
Препорачани фасадни декоративни малтери:

- Baumit NanoporTop со Premium/UniPrimer
- Baumit StarTop со Premium/UniPrimer
- Baumit PuraTop со Premium/UniPrimer
- Baumit SilikonTop со Premium/UniPrimer
- Baumit SilikatTop со Premium/UniPrimer
- Baumit GranoporTop со Premium/UniPrimer
- Baumit MosaikTop со Premium/UniPrimer

---

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk